Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-578/1
06-05-2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 и член 15 став 4 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 27.04.2025 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

За формирање на Стручен тим за повторно вршење стручно вреднување на ракописите за учебници за наставниот предмет **Географија за II (втора) година гимназиско образование** и распуштање на Рецензенската комисија за стручно вреднување на ракопис за учебник формирана со Решение бр.26-357 од 23.03.2026 година, за за наставниот предмет **Географија за II (втора) година гимназиско образование,** по Конкурсот бр.26-1173/1 од 29.10.2025 година.

1. **СЕ ФОРМИРА** Стручен тим за повторно вршење стручно вреднување на ракописите за учебници за наставниот предмет **Географија за II (втора) година гимназиско образование** по Конкурсот бр.26-1173/1 од 29.10.2025 година, во состав:

   - проф д-р **Ресул Хамити** - Универзитет во Тетово - Тетово
   - проф д-р **Цане Котески**- Факултет за Туризам и бизнис логистика при УГД, Штип
   - **Ристо Грујовски** - СОУ „Таки Даскало“ - Битола

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Стручниот тим од точката 2 на ова Решение да изврши повторно стручно вреднување на ракописите за учебници за наставниот предмет **Географија за II (втора) година гимназиско образование** по Конкурсот бр.26-1173/1 од 29.10.2025 година во рок од 14 дена од денот на донесување на ова Решение.

3. Со денот на донесување на оваа Решение **СЕ РАСПУШТА** Рецензенската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници за наставниот предмет **Географија за II (втора) година гимназиско образование**, формирана со Решение бр.26-357/1 од 23.03.2026 година, од Претседателот на Националната комисија за учебници.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На Конкурсот бр.26-1173/1 од 29.10.2025 година, за наставниот предмет **Географија за II (втора) година гимназиско образование** биле доставени биле три ракописи за учебници именувани со шифри 09, 010 и 011.

Ракописите за учебници со шифри 09, 010 и 011 кои ги исполнувале условите предвидени во Конкурсот, Педагошката служба со допис бр. 26-199/22 од 19.02.2025 година ги достави до Бирото за развој на образованието за доставување на стручно мислење. Бирото за развој на образованието со допис бр.09-308/9 од 26.02.2026 година заверен во писарницата на Министерството за образование и наука со бр.26-199/24 од 26.02.2026 година, достави позитивно мислење за раккописите со шифри 09 и 010 и 011.

На седница на Национална комисија одржана на ден 11.03.2026 година со Решение бр.26-375/1 од 23.03.2026 година, формирана е Рецензенската комисија за стручно вреднување на

ракописи за учебници за наставниот предмет **Географија за II (втора) година гимназиско образование**.

Од страна на Рецензенската комисија, по извршеното стручно вреднување на ракописите за учебници по наставниот предмет **Географија за II (втора) година гимназиско образование** е доставено мислење бр.26-357/15 од 14.04.2026 година, во кое е наведено дека ракописите со шифра 09, 010 шифра и шифра 011 не ги исполнува условите за издавање од подрачјето 1 Усогласеност со наставната програма.

На седницата одржана на ден 02.04.2026 година, од страна на Националната комисија, со Решение бр.26-444/1 од 15.04.2026 година, определен е членот известител проф. д-р Христина Рунчева Тасев за наставниот предмет **Географија за II (втора) година гимназиско образование**.

На седницата одржана на ден 27.04.2026 година, по разгледување на двете мислења од Рецензентската комисија, членот известител доставил Известие со бр. 26-502/2 од 27.04.2026 година, во кое таксативно е наведена целата досегашна постапка, со стручното мислење од Бирото за развој на образованието и стручното мислење на Рецензенската комисија, по што се отвара дискусија од страна на членовите на Националната комисија и по дискусија на членовите на Националната комисија, членот известител предлага да се распушти рецензенската комисија и формирање на стручен тим, предлог кој беше прифатен едногласно од сите членови. Од страна на членовите на комисијата по кратка дискусија се предложија нови членови на за стручен тим од пријавените лица кои ги исполниуваат условите во базата на рецензенти за наставниот предмет **Географија за II (втора) година гимназиско образование**.

Врз основа на горенаведеното, Националната комисија за учебници одлучи како во диспозитивот на донесеното решение.

**<u>Правна поука:</u>** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,**
**Проф.д-р Ташко Ризов**

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=275355, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.05.05 10:30:27 +02'00'

Република Северна Македонија · Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА УЧЕБНИЦИ
KOMISIONI NACIONAL PËR TEKSTE SHKOLLORE
Скопје - Shkup

**Доставено до:**
-членови
-писарница на Министерството